„Сите од мојот умет ќе влезат во Џенетот, освен тие што ќе го одбијат тоа

Се пренесува од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Сите од мојот умет ќе влезат во Џенетот, освен тие што ќе го одбијат тоа. Го прашаа: О, Аллахов пратенику, а кој ќе го одбие тоа?' Тој одговори: ‚Кој ќе ми се покори, ќе влезе во Џенетот, а тој што ќе ми биде непокорен, таквиот одбил.'".

[رواه البخاري] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè извести дека секој припадник на неговиот умет ќе влезе во Џенетот, освен тој што ќе се спротивстави! Асхабите, радијаллаху анхум, му рекоа: „А кој ќе се спротивстави, о, Аллахов пратенику?!" Тој им одговорил: „Кој му е покорен и го следи Пратеникот, алејхи селам, ќе влезе во Џенетот, а кој не му е покорен и се спротивставува на шеријатот, на таквиот човек му е забранет влезот во Џенетот поради неговите грди дела."

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4947